**20120391118**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ ВЛАДАТА НА КРАЛСТВОТО ШПАНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ХЕЦ „ЛЕРА“ КАКО ДЕЛ ОД ХИДРОСИСТЕМОТ „СТРЕЖЕВО“**

Се прогласува Законот за престанување на важењето на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 март 2012 година.

Бр. 07- 1361/1
20 март 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ ВЛАДАТА НА КРАЛСТВОТО ШПАНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ХЕЦ „ЛЕРА“ КАКО ДЕЛ ОД ХИДРОСИСТЕМОТ „СТРЕЖЕВО“**

Член 1

Со овој закон престанува да важи Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ „Лера“ како дел од хидросистемот „Стрежево“ („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2002).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".